Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 5

13.02.2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар, донесена на вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.02.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-217/1 Општина Демир Хисар**
**13.02.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 43 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), како и член 24 од Законот за полиција (,,Службен весник на РМ” бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 294/21 и 89/22), а по претходно доставена листа со кандидати за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар со бр. 08-18075/1 од 12.02.2024 година, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 13.02.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар**

Член 1

За Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар се избира лицето **Марија Талевска** – т.Живко, државјанин на Република Северна Македонија, македонец, родена во Демир Хисар на 03.11.1982 година, со живеалиште во Демир Хисар, с.Слепче бб, со завршено високо образование-Факултет за стоматологија и 8 години работно искуство во полиција.

Член 2

Избраното лице од член 1 на оваа Одлука е од листата на кандидати за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар со бр.08-18075/1 од 12.02.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Доставено до

-Архива на Општина Демир Хисар

-Министерство за внатрешни работи

-Полициска Станица од општа надлежност Демир Хисар

-Избраниот

Бр.17-207/2 Совет на Општина Демир Хисар
13.02.2024 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура“**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура“, донесена на вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.02.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-217/2 Општина Демир Хисар**
**13.02.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 13.02.2024 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот**
**“Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура“**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **“Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура“.**

Член 2

Планираната вредност за реализација на под-проектот од член 1 на оваа Одлука изнесува 3.913.760,00 денари.

Проектот ќе биде реализиран од страна на Центар за развој на Пелагониски плански регион.

Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година во износ од 3.571.831,00 денари и средства од Општина Демир Хисар во износ до 1.112.770,00 денари како сопствено учество.

Член 3

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот “Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура“ заведена под бр. 17-928/3 од 29.09.2023 година, а

објавена во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.15/2023.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17-207/3 Претседател
13.02.2024 г. на Совет на Општина Демир Хисар
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

-----------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар ---------------------------------------1
2.Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот ,,Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура”---------------2-3

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**